Чувар на вашето здравје! • Guardian of your health! • Kujdestar i shëndetit tuaj!

J.З.У. ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

# ИНФОРМАЦИЈА

## ЗА КАДАР ВО ДЕЈНОСТА НА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2023 ГОДИНА

Скопје, 2023

Ј.З.У. Институт за јавно здравје на
Република Северна Македонија - Скопје

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА КАДАР ВО ДЕЈНОСТА НА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2023 ГОДИНА

Скопје, 2023

**Издавач:** ЈЗУ - ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Стручна обработка:** Оддел за здравствена промоција и следење на болести

**Автор:** М-р д-р Лидушка Василеска, специјалист по стоматолошка протетика

**Уредник:** Проф. д-р Елена Ќосевска

**Техничка подготовка:**

Сузана Дунгевска
Борче Андоновски

**Печати:** Винсент графика - Скопје

**Тираж:** 20 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

616.31(497.7)"2023"(047)

ВАСИЛЕСКА, Лидушка
Информација за кадар во дејноста на дентална медицина во Република Северна Македонија во 2023 година / [автор Лидушка Василеска]. - Скопје : Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, 2023. - 24 стр. : табели, граф. прикази ; 30 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-235-124-7

а) Стоматолошка дејност -- Македонија -- 2023 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 62445317

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

616-052:614.21(497.7)"2021/22"(047)

# Содржина

ПРЕДГОВОР .......... 7

1. ВОВЕД .......... 9

2. СОБЕЗБЕДЕНОСТ СО СТОМАТОЛОШКИ КАДРИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО 2023 ГОДИНА .......... 12

3. ЗАКЛУЧОЦИ .......... 24

# ПРЕДГОВОР

Информацијата е изготвена согласно Националната годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2023 година (Службен весник на РСМ, бр. 33 од 14.2.2023 година) од страна на Одделот за здравствена промоција и следење на болести.

Цел на Информацијата е да се презентираат состојбите со обезбеденоста на стоматолошката здравствена дејност во Р. С. Македонија со специјалисти, вкупно и од одделни специјалистички гранки, во 2023 година.

Извор на податоци се податоците од Стоматолошка комора на Македонија за 2023 година и Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“од Скопје во однос на стоматолози на специјализација, 2023 година.

Податоците се обработени табеларно и графички. Применет е дескриптивно аналитички метод на работа.

Институтот за јавно здравје на РСМ искажува благодарност на Стоматолошката комора на Македонија и Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“- Скопје за добиените податоци, врз основа на кои е изготвена информацијата за моменталната состојба со специјалистичкиот кадар во областа на денталната медицина.

# 1. ВОВЕД

Согласно член 17, алинеа 2 од став (1) од Законот за здравствената заштита, редакциски пречистен текст[1], со мрежата на здравствени установи се утврдуваат - кадровските, просторните и сместувачките капацитети за вршење на одделен вид здравствена дејност, односно специјалност.

Согласно член 28 „Здравствената дејност во мрежата, што ја обезбедува и организира Република Македонија, се состои од јавни здравствени установи и приватни здравствени установи, кои вршат здравствена дејност врз основа на лиценца (во натамошниот текст: носители на лиценца), во кои се врши здравствена дејност под еднакви услови и кои се вклучуваат во интегриран здравствен информатички систем согласно со прописите за евиденциите од областа на здравството“.

Во Содржина на здравствената дејност од Законот за здравствената заштита, член 26, алинеа 7 од став (1) здравствената дејност, во смисла на овој закон, опфаќа стоматолошка превентивна, куративна и протетичка дејност.

Согласно член 30, здравствена дејност на примарно ниво опфаќа:став (8) спречување, откривање и лекување на болести на устата и забите и спроведување на забно-протетичка рехабилитација; и став (14) итна медицинска и стоматолошка помош.

Според член 36, субјекти кои вршат здравствена дејност во мрежата на секундарно ниво:став (1) здравствената дејност во мрежата на секундарно ниво ја вршат ординациите и поликлиниките од специјалистичко-консултативната здравствена дејност, дијагностичката лабораторија, центрите, болниците, институтите и болниците за нега.

Согласно член 37, здравствената дејност на терцијарно ниво опфаќа:

- вршење здравствени услуги кои бараат стручен, организациски и технолошки сложен и мултидисциплинарен здравствен третман;
- целосно и споредбено следење на развојот на одделни специјалности во државата и во други држави и изготвување на национални предлози за развој наодделни специјалности;

1 Редакциски пречистениот текст на Законот за здравствена заштита, ги опфаќа: основниот текст на Законот објавен во “Службен весник на РМ“ бр.43/12, Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.145/12, Одлука од Уставниот суд наРепублика Македонија У. бр. 59-2002 од 24 април 2013 година „Службен весник на РМ“ бр. 65/13,Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.87/13, Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр 164/13, Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.39/14), Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.43/14, Одлука на Уставниот суд наРепублика Македонија У. бр. 69/2012 од 11 јуни 2014 година „Службен весник на РМ“ бр. 101/14, Законот за изменување на Законот за здравствената заштита објавен во “Службен весник на РМ“ бр.132/14, Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“бр.188/14, Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.10/15) и Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита,објавен во “Службен весник на РМ“ бр.61/15, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена

- подготовка врз основа за обликување на стручни упатства и национални предлози за развој на одделен вид здравствена дејност, односно здравствена специјалност и соработка при нивното спроведување,
- пренос на знаења и вештини од другите држави,
- пренос на знаења и вештини на здравствените установи на секундарно и примарно ниво,
- истражување и проверување на нови методи за спречување, откривање, лекување, здравствена нега и акушерска нега и медицинска рехабилитација на здравствените состојби и
- советување и помош за стручно-медицински прашања на здравствени установи на секундарно и примарно ниво, Министерството за здравство, коморите и Фондот за здравствено осигурување.

Во чл. 13 од Законот за здравствена заштита регулирано е и работењето на здравствени установи надвор од мрежата кои се приватни здравствени установи под услови утврдени со овој закон, но кои се финансираат од здравствени услуги кои пациентите ги плаќаат со лични средства.

Согласно Правилникот за простор, опрема и стручен кадар за основање, почнување со работа и вршење на здравствена дејност во здравствени установи ( Сл. весник на РМ бр. 91 од 28.06.2013год.) во чл.11 **ординација на примарно ниво за општа стоматологија** предвиден е кадар во состав 1 доктор на стоматологија со положен стручен испит и со соодветна лиценца за работа и 1 здравствен работник со средно или вишо образование од областа на стоматологијата или со високо образование со стекнати 180 кредити според ЕКТС од областа на стоматологијата, односно медицината и со положен стручен испит.

Во чл. 12, за **ординација на секундарно ниво од областа на стоматологијата** предвиден е норматив од 1 стоматолог специјалист од одредена гранка на стоматологијата со соодветна лиценца за работа и 1 здравствен работник со средно или вишо образование од областа на стоматологијата или со високо образование со стекнати 180 кредити според ЕКТС од областа на стоматологијата, односно медицината и со положен стручен испит.

Во чл. 25 во рамки на **Здравствен дом** заради спроведување на итна стоматолошка помош и стоматолошка заштита на деца до 14 годишна возраст, предвиден е кадар од 1 специјалист од соодветна гранка на специјализација (на пр.детска и превентивна стоматологија) и соодветна лиценца за работа, и по 2 здравствени работници со завршено високо стручно образование во траење од 3 години , односно со високо образование со стекнати 180 ЕКТС кредити, или вишо, или средно образование со положен стручен испит од соодветната насока за секој доктор на медицина или специјалист.

Во чл. 46 се наведува дека нормативот за стручниот кадар за **Универзитетска клиника** е ист како за специјализирана болница, односно најмалку како за општа болница, додека во чл. 48 точка 4 за **Универзитетски клинички центар** се наведува дека тој обезбедува простор, опрема и стручен кадар за секоја клиника одделно предвидени со овој правилник за универзитетска клиника.

Според Уредбата за мрежата на здравствени установи (Сл. весник бр. 81 од 28 јуни 2012 година) се утврдува максималниот број на специјалисти. Во рамки на ПЗЗ треба да има тим од 1 избран стоматолог и 1 стоматолошка сестра на 1000 жители. На ниво на СЗЗ и ТЗЗ треба да има:

- 1 специјалист по максилофацијална хирургија на 200 000 жители
- 1 специјалист по стоматолошка протетика на 75 000 жители
- 1 специјалист по ортодонција на 8 000 жители
- 1 специјалист по орална хирургија на 100 000 жители
- 1 специјалист по ендодонција на 200 000 жители
- 1 специјалист по орална (дентална) патологија на 200 000 жители

Во 2012 година според Уредбата, состојбата со специјалистички стоматолошки кадар по 5 одделни гранки и максималниот број на тимови во мрежата е прикажана на следната табела:

| Дејност | | Вкупно | Пелаг. | Вардар | СИ | ЈЗ | Скопски | ЈИ | Полошки | Источен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стоматолошка протетика | Макс. бр.-М | 27 | 3 | 2 | 2 | 3 | 8 | 2 | 4 | 3 |
| | Актуелен бр.-А | 74 | 8 | 7 | 1 | 5 | 35 | 4 | 5 | 9 |
| Ортодонција | М | 259 | 29 | 17 | 22 | 28 | 77 | 22 | 39 | 25 |
| | А | 73 | 10 | 6 | 3 | 6 | 21 | 5 | 12 | 10 |
| Орална хирургија | М | 20 | 2 | 1 | 2 | 2 | 6 | 2 | 3 | 2 |
| | А | 40 | 2 | 2 | 3 | 5 | 11 | 4 | 10 | 3 |
| Дентална патологија | М | 11 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 2 | 1 |
| | А | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Максилоф. хирургија | М | 11 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 2 | 1 |
| | А | 10 | 5 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 2 |
| **Вкупно** | **М** | **328** | **36** | **22** | **28** | **35** | **97** | **28** | **50** | **32** |
| | **А** | **197** | **25** | **15** | **7** | **16** | **68** | **13** | **29** | **24** |

Согласно податоците од Мрежата за кадар во 5-те специјалности од стоматолошката дејност, се согледува дека во 2012 година недостасувале специјалисти по ортодонција и дентална или орална патологија, додека бројот на специјалисти по стоматолошка протетика и орална хирургија двојно бил поголем од дозволениот максимум. Друга карактеристика е дека недостасувале специјалисти по дентална патологија во сите региони на државата,

додека специјалисти по максилофацијална хирургија недостасувале во Вардарскиот, Североисточниот, Југозападниот и Југоисточниот регион. Евидентна е концентрацијата на специјалисти од овие 5 гранки во Скопскиот, Полошкиот и Пелагонискиот регион со застапеност од околу 30% во вкупниот број, со недостаток на одделни специјалистички кадри во останатите региони на државата. Ендодонција и реставративна стоматологија не е застапена во табеларните прегледи од Мрежата, но исто така не се дадени нормативи ниту за специјалисти по детска и превентивна стоматологија и примарна стоматолошка здравствена заштита, односно општа стоматологија.

## 2. СОБЕЗБЕДЕНОСТ СО СТОМАТОЛОШКИ КАДРИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО 2023 ГОДИНА

Во Република Северна Македонија во јавни здравствени установи стоматолошката дејност на ниво на примарна здравствена заштита се спроведува во состав на здравствените домови како детска и превентивна стоматологија и матични стоматолози, а терциерната здравствена заштита се спроведува во Универзитетскиот стоматолошки клинички центар - Скопје и Клиниката за максилофацијална хирургија. Секундарната стоматолошка здравствена заштита (специјалистичко-консултативната дејност) се спроведува во рамки на приватниот сектор.

Според податоците на Стоматолошката комора на Македонија и Универзитетскиот стоматолошки клинички центар Св. Пантелејмон од Скопје, во стоматолошката здравствена заштита во Република Северна Македонија во 2023 година работеле вкупно 2562 општи стоматолози/ доктори по дентална медицина, 649 специјалисти и 157 се на специјализација (Табела 1).

**Табела 1.** Општи стоматолози/ доктори по дентална медицина, специјалисти и доктори на специјализација во стоматолошката здравствена дејност во Р.С.Македонија, 2023

| | | |
|---|---|---|
| **ЛЕКАРИ** | ОПШТИ СТОМАТОЛОЗИ / ДОКТОРИ ПО ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА | 2562 |
| | СПЕЦИЈАЛИСТИ | 646 |
| | СУБСПЕЦИЈАЛИСТИ | 3 |
| | НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА* | 157 |

Извор: Стоматолошка комора на Р.С.Македонија
* Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон

Во РСМакедонија во 2023 година на 1000 жители има 1,75 стоматолози ( доктори по дентална медицина и специјалисти ) .

Според ОЕЦД, просекот за 2021 година врз основа на 4 земји, Норвешка, Италија, Исланд и Обединето Кралство, бил 0,78 стоматолози на 1.000 луѓе. Највисоката вредност е во

Норвешка: 0.93 стоматолози на 1.000 жители, а најниската вредност во Обединетото Кралство: 0,51 стоматолози на 1.000 жители.

Бројот на општи стоматолози/ доктори по дентална медицина е зголемен за 102 а бројот на доктори специјалисти во 2023 е зголемен за 6 во однос на 2022 година. (Дијаграм 1).

**Дијаграм 1.** Општи стоматолози/ доктори по дентална медицина, специјалисти и доктори на специјализација во стоматолошката здравствена дејност во РСМ, 2020- 2023




Извор: Стоматолошка комора на Р.С.Македонија
Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон

Распределбата на кадрите по градови во 2023 година е без значајни промени во однос на состојбата во 2022 година. Имено, од вкупниот број стоматолози/доктори по дентална медицина во стоматолошката здравствена дејност на ниво на Р.С. Македонија во 2023 најмногу се лоцирани во Скопје и тоа 1216, за разлика од 2022 година кога тој број изнесувал 1169. Од нив, во 2023 година се 872 стоматолози/доктори по дентална медицина, а во 2022 биле 827 и 344 се специјалисти од кои тројца субспецијалисти (двајца - орална имунологија и еден - реконструктивна вилично-лицева протетика), додека во 2020 биле 342 специјалисти. На специјализација се наоѓаат 78 стоматолози, за разлика од 2022 кога биле 61 специјализанти од Скопје.

Тетово е на второ место по број на стоматолози/доктори по дентална медицина во 2023 година со 246, што е за 11 стоматолози/доктори по дентална медицина повеќе од 2022. Од нив 207 се општи стоматолози/доктори по дентална медицина, 39 специјалисти и 10 се активни специјализанти.

Битола е на трето место со вкупен број на стоматолози/доктори по дентална медицина 210, (201-2020, 206- 2022), од кои 170, (161-2020, 166-2022) стоматолози/доктори по дентална медицина, 40 специјалисти и 7 на специјализација.

Потоа се: Куманово, вкупно 167, (153-2020,161-2022) од кои 145, (137-2020,139-2022) стоматолози/доктори по дентална медицина, (16-2020, 22-2022) 22 специјалисти и 11 на специјализација, а следуваат Прилеп, Струмица, Гостивар, Охрид.

Со најмал број на стоматолози/доктори по дентална медицина на ниво на Р.С. Македонија се: Пехчево (2), Дојран (2),Македонска Каменица (3), Демир Капија и Кратово (4). (дијаграм 2, табела 2).

**Дијаграм 2.** Вкупен број на стоматолози/доктори по дентална медицина во стоматолошката здравствена дејност во Р. С. Македонија по градови, 2022- 2023




Извор: Стоматолошка комора на Р.С. Македонија

**Табела 2.** Стоматолози/доктори по дентална медицина и специјалисти во стоматолошката здравствена дејност во Р. С. Македонија, по градови – 2023

| ГРАДОВИ | ВКУПНО | СТОМАТОЛОЗИ/ ДОКТОРИ ПО ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА | СПЕЦИЈАЛИСТИ |
|---|---|---|---|
| БЕРОВО | 16 | 16 | 0 |
| БИТОЛА | 210 | 170 | 40 |
| БОГДАНЦИ | 17 | 16 | 1 |
| ВАЛАНДОВО | 15 | 14 | 1 |
| ВЕЛЕС | 84 | 73 | 11 |
| ВИНИЦА | 25 | 21 | 4 |
| ГЕВГЕЛИЈА | 60 | 53 | 7 |
| ГОСТИВАР | 148 | 115 | 33 |
| ДЕБАР | 26 | 25 | 1 |
| ДЕЛЧЕВО | 30 | 23 | 7 |
| ДЕМИР КАПИЈА | 4 | 4 | 0 |
| ДЕМИР ХИСАР | 8 | 7 | 1 |
| ДОЈРАН | 2 | 2 | 0 |
| КАВАДАРЦИ | 64 | 49 | 15 |
| КИЧЕВО | 78 | 65 | 13 |
| КОЧАНИ | 58 | 52 | 6 |
| КРАТОВО | 6 | 4 | 2 |
| КРИВА ПАЛАНКА | 14 | 13 | 1 |
| КРУШЕВО | 10 | 8 | 2 |
| КУМАНОВО | 167 | 145 | 22 |
| МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА | 3 | 3 | 0 |
| МАКЕДОНСКИ БРОД | 7 | 7 | 0 |
| НЕГОТИНО | 26 | 21 | 5 |
| ОХРИД | 125 | 109 | 16 |
| ПЕХЧЕВО | 5 | 2 | 3 |
| ПРИЛЕП | 140 | 122 | 18 |
| ПРОБИШТИП | 18 | 14 | 4 |
| РАДОВИШ | 35 | 34 | 1 |
| РЕСЕН | 25 | 21 | 4 |
| СВЕТИ НИКОЛЕ | 16 | 13 | 3 |
| СКОПЈЕ | 1216 | 872 | 341 + 3 субспецијалисти |
| СТРУГА | 89 | 77 | 12 |
| СТРУМИЦА | 133 | 119 | 14 |
| ТЕТОВО | 246 | 207 | 39 |
| ШТИП | 85 | 66 | 19 |
| ВКУПНО | 3211 | 2562 | 649 |

Извор: Стоматолошка комора на Р.С. Македонија

Според бројот на стоматолози/доктори по дентална медицина во 2023 година кои се на специјализација, најмногу се од Скопје – 78, потоа е Гостивар – 14, Куманово -11 и Тетово со 10 активни специјализации. Повеќето градови (10) немаат испратено стоматолози/доктори по дентална медицина на специјализација: Берово, Брод, Валандово, Делчево, Демир Хисар и др. (табела 3)

**Табела 3.** Стоматолози/доктори по дентална медицина на специјализација во Р. С. Македонија - 2023 година

| Градови | На специјализација | Вид на специјалности |
|---|---|---|
| Берово | 0 | |
| Битола | 7 | 1. Ендодонција и реставративна стомат - 2<br>2. Орална хирургија- 2<br>3. Детска и превентивна стоматологија<br>4. Пародонтологија<br>5. Максилофацијална хирургија - ЈЗУ |
| Богданци | 3 | 1. Пародонтологија<br>2. Ортодонција<br>3. Стоматолошка протетика |
| Брод | 0 | |
| Валандово | 0 | |
| Велес | 2 | 1. Ортодонција<br>2. Стоматолошка протетика |
| Виница | 1 | 1. Орална хирургија |
| Гевгелија | 5 | 1. Стоматолошка протетика- 2<br>2. Орална хирургија- 2<br>3. Ортодонција |
| Гостивар | 14 | 1. Детска и превентивна стоматологија- 3<br>2. Пародонтологија- 3<br>3. Орална медицина- 2<br>4. Орална хирургија- 2<br>5. Стоматолошка протетика - 2<br>6. Ортодонција<br>7. Ендодонција и реставративна стомат |
| Дебар | 1 | 1. Орална хирургија |
| Делчево | 0 | |
| Демир Капија | 1 | 1. Орална хирургија |
| Демир Хисар | 0 | |
| Кавадарци | 2 | 1. Ортодонција -2 |
| Кичево | 2 | 1. Ортодонција<br>2. Орална хирургија |
| Кочани | 1 | 1. Орална хирургија |

| | | |
|---|---|---|
| Кратово | 0 | |
| Крива Паланка | 1 | 1. Пародонтологија |
| Крушево | 0 | |
| Куманово | 11 | 1. Детска и превентивна стоматологија-3<br>2. Стоматолошка протетика-2<br>3. Орална хирургија-2<br>4. Ендодонција и реставративна стомат - 2<br>5. Ортодонција<br>6. Пародонтологија |
| Неготино | 3 | 1. Стоматолошка протетика<br>2. Ендодонција и реставративна стомат.<br>3. Детска и превентивна стоматологија |
| Охрид | 4 | 1. Ортодонција - 2<br>2. Детска и превентивна стоматологија<br>3. Ендодонција и реставративна стоматологија |
| Прилеп | 4 | 1. Пародонтологија - 2<br>2. Ортодонција<br>3. Стоматолошка протетика |
| Пробиштип | 0 | |
| Радовиш | 0 | |
| Ресен | 1 | 1. Детска и превентивна ЈЗУ |
| Свети Николе | 1 | 1. Орална хирургија |
| Скопје | 78 | 1. Стоматолошка протетика- 20<br>2. Орална хирургија - 14<br>3. Пародонтологија - 13<br>4. Ортодонција - 11<br>5. Ендодонција и реставративна стомат – 9<br>6. Детска и превентивна стоматологија - 7<br>7. Орална медицин - 4 |
| Струга | 2 | 1. Ортодонција<br>2. Пародонтологија |
| Струмица | 3 | 1. Ендодонција и реставративна стомат - 2<br>2. Стоматолошка протетика |
| Тетово | 10 | 1. Пародонтологија - 3<br>2. Ортодонција- 3<br>3. Орална хирургија- 2<br>4. Ендодонција и реставративна стомат<br>5. Детска и превентивна стоматологија |
| Штип | 0 | |
| **Вкупно** | **157** | **157** |

Извор: Универзитетски стоматолошки клинички центар “Свети Пантелејмон”

Од 2020 до 2023 година интересот за специјализации се зголемува, а во 2023 година бројот на запишани специјализации е најголем. (Дијаграм 3.)

**Дијаграм 3.** Број на активни специјализации по години во РСМ, 2020-2023




Извор: Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон"

**Дијаграм 4.** Активни специјализации, застапеност според вид, Р.С. Македонија, 2023




Извор: Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон"

Од вкупниот број на специјалисти, (646) во РСМакедонија во 2023 година најзастапени се специјалистите по ортодонција (176). Специјалистите по стоматолошка протетика се втори по застапеност со 168 специјалисти на ниво на државата. Со 126 специјалисти оралната хирургија е трета по застапеност во РСМ. Најмалку застапени се специјалистите по орална медицина и општа стоматологија/ Примарна стоматолошка здравствена заштита. (Табела 4)

Во РСМакедонија има и три субспецијализации и тоа: една субспецијализација по орална имплантологија и две субспецијализации по реконструктивна вилично-лицева протетика.

**Табела 4.** Број на стоматолози/ доктори по дентална медицина специјалисти и на специјализација по вид на специјалности во Р.С. Македонија – 2023

| ВИД НА СПЕЦИЈАЛНОСТИ | | | | | | | | | | Субспецијалисти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | Стоматолошка протетика | Ортодонција | Орална хирургија | Болести на заби и ендодонт/ Ендодонција и ресвтаративна стоматологија | Болести на уста и парадонт / Парадонтологија | Детска превентивна стоматологија | Максилофацијална хирургија | Општа стоматологија / Примарна стоматолошка здравствена заштита | Орална медицина | |
| специјалисти | 646 | 168 | 176 | 126 | 26 | 41 | 74 | 18 | 17 | 3 |
| на специјализација | 157 | 31 | 26 | 30 | 19 | 26 | 18 | 1 | 0 | |

Извор: Стоматолошка комора на Р.С.Македонија
* Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон

Според старосната граница (Табела 5), до 30 години има само еден специјалист на ниво на државата. Над 65 години во 2023 година работат 69 специјалисти, најмногу по специјалноста стоматолошка протетика. Најголем е бројот на специјалисти во старосната граница од 51 до 60 години и тоа 181. Слична е состојбата со специјалистите од 41 до 50 години (179).

**Табела 5.** Број на стоматолози по возраст и специјалност во Р. С. Македонија – 2023

| СПЕЦИЈАЛНОСТИ | до 30 г. | 30-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | 61-65 г. | над 65 г. | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стоматолошка протетика | 1 | 14 | 49 | 42 | 39 | 23 | 168 |
| Ортодонција | 0 | 22 | 51 | 58 | 32 | 13 | 176 |
| Орална хируругија | 0 | 11 | 45 | 29 | 28 | 13 | 126 |
| Ендодонција | 0 | 0 | 6 | 9 | 7 | 4 | 26 |
| Пародонтологија | 0 | 7 | 4 | 7 | 20 | 3 | 41 |
| Детска и превентивна стоматологија | 0 | 4 | 12 | 30 | 20 | 8 | 74 |
| Максилофацијална хирургија | 0 | 3 | 4 | 5 | 5 | 1 | 18 |
| спец по Општа стоматологија | 0 | 2 | 8 | 1 | 2 | 4 | 17 |
| Вкупно | 1 | 63 | 179 | 181 | 153 | 69 | 646 |
| вкупно | 1 | 73 | 183 | 210 | 126 | 50 | 643 |

Извор: Стоматолошка комора на Р.С.Македонија

Во 2022 како специјалисти над 65 години работеле 50 доктори, а во 2023 работат 69. Во возрасната група од 61-65 години во 2022 работеле 126 специјалисти, во 2023 работат 153, што покажува дека за многу краток временски период голем број на специјалисти ќе бидат пензионирани. (Дијаграм 5).

**Дијаграм 5.** Специјалисти по возрасни групи во Р. С. Македонија, 2022-2023




Извор: Стоматолошка комора на Р.С.Македонија

Во нашиот здравствен систем предвиден е кадар и регулирано е работењето на субјекти кои вршат здравствена дејност во мрежата на секундарно ниво заради спроведување на итна стоматолошка помош и стоматолошка заштита на деца до 14 годишна возраст.

Според Уредбата за мрежата на здравствени установи (Сл. весник бр. 81 од 28 јуни 2012 година) се утврдува максималниот број на специјалисти, но не се дадени нормативи за специјалисти по детска и превентивна стоматологија.

Според добиените податоци (Табела 3,4 и 5) евидентно е дека во Р.С.Македонија има вкупно 74 специјалисти по детска и превентивна стоматологија. Од нив 30 се на возраст од 51 до 60 години, 20 се на возраст од 61 до 65 години и над 65 години се 8 специјалисти. (Дијаграм 6)

18 стоматолози/ доктори по дентална медицина специјализираат детска и превентивна стоматологија, од кои тројца ја започнале специјализацијата во 2022 година. (Табела3)

Според горенаведеното треба да се истакне дека претстојните пензионирања ќе допринесат до недостаток на и без тоа малиот број на специјалистички кадри по специјалноста детска и превентивна стоматологија во РСМ.

**Дијаграм 6.** Специјалисти по детска и превентивна стоматологија по возрасни групи во Р.С. Македонија, 2022 2023




Извор: Стоматолошка комора на Р.С.Македонија

Дистрибуцијата по населени места на специјалисти по детска и превентивна стоматологија е незадоволителна со тоа што во 12 града нема специјалист од оваа област, а во Скопје има 31 специјалисти. (Табела 6)

**Табела 6.** Специјалисти по детска и превентивна стоматологија кои работат во јавно здравство во Р.С. Македонија по градови, 2023

| ГРАДОВИ | СПЕЦИЈАЛИСТИ ПО ДЕТСКА И ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА |
|---|---|
| Берово | 0 |
| Битола | 5 |
| Богданци | 1 |
| Валандово | 1 |
| Велес | 0 |
| Виница | 0 |
| Гевгелија | 1 |
| Гостивар | 3 |
| Дебар | 0 |
| Делчево | 2 |
| Демир Капија | 0 |
| Демир Хисар | 0 |
| Дојран | 0 |
| Кавадарци | 3 |
| Кичево | 2 |
| Кочани | 1 |
| Кратово | 0 |
| Крива Паланка | 1 |
| Крушево | 1 |
| Куманово | 4 |
| Македонски Брод | 0 |
| Македонска Каменица | 0 |
| Неготино | 1 |
| Охрид | 2 |
| Пехчево | 1 |
| Прилеп | 2 |
| Пробиштип | 0 |
| Радовиш | 0 |
| Ресен | 1 |
| Свети Николе | 1 |
| Скопје | 31 |
| Струга | 1 |
| Струмица | 1 |
| Тетово | 5 |
| Штип | 3 |
| ВКУПНО: | 74 |

Извор: Стоматолошка комора на Р.С.Македонија

Од табелите 6 и 7 се гледа дека специјализација од областа на детска и превентивна стоматологија посетуваат доктори од градовите во кои веќе постојат специјалисти од оваа област, а во градовите како што се Велес, Дебар и други, нема ниту еден специјалист по детска и превентивна стоматологија, а нема ниту активни специјализанти од оваа област.

**Табела 7.** Стоматолози/доктори по дентална медицина на специјализација по детска и превентивна стоматологија по градови во Р. С. Македонија - 2023 година

| Градови | На специјализација детска и превентивна стоматологија |
|---|---|
| Битола | 1 |
| Гостивар | 3 |
| Куманово | 3 |
| Неготино | 1 |
| Охрид | 1 |
| Ресен | 1 |
| Скопје | 7 |
| Тетово | 1 |
| **Вкупно** | **18** |

# 3. ЗАКЛУЧОЦИ:

1. Анализата на податоците во Информацијата покажа дека постои напредок во развојот на одделни специјалистички гранки кои имаат за цел да ја зајакнат превентивната и примарната стоматолошка здравствена заштита.
2. Во РСМакедонија во 2023 година евидентирани се 3211 стоматолози ( доктори по дентална медицина и специјалисти ) или 1,75 на 1000 жители.
3. Вкупниот број на специјалисти за некои гранки е определен со Мрежата на здравствени установи, но сепак се јавува потреба од ревизија на Мрежата од 2012 година и постоечките нормативи и подготовка на нов документ во однос на денталната медицина.
4. Во Мрежата од 2012 година не се предвидени нормативи за специјалностите: детска и превентивна стоматологија, ендодонција и реставративна стоматологија и општа стоматологија, односно примарна стоматолошка здравствена заштита како и за орална медицина.
5. Имено, согласно демографските промени на населението во земјата, при што бројот на жители во Источниот и Вардарскиот регион е во континуирано опаѓање, сегашниот норматив за број на специјалисти на одреден број на жители, доколку се продолжи да се применува, ќе доведе до губиток на доволен број или пак недостаток на специјалистички кадри во тие региони и ќе се оневозможи реализација на принципот на достапна стоматолошка здравствена заштита на граѓаните.
6. Евидентна е нерамномерната територијална распределба на специјалистичкиот кадар во одделните 8 статистички региони во државата, со концентрација на сите стоматолошки специјалности во Скопскиот, Полошкиот и Пелагонискиот регион.
7. Со ревидирањето на нормативите за број на стоматолози специјалисти на одреден број жители ќе се ревидира сегашната продукција на голем број специјалисти по стоматолошка протетика и орална хирургија, а недоволен број на специјалисти по детска и превентивна стоматологија.
8. Загрижуваат податоците за возрасната структура на специјалистите пришто од вкупниот број во 2023 година - 646, 153 се на возраст над 60 години, а 69 се над 65 години.
9. Бројот на доктори по дентална медицина кои се на специјализација – 157 ќе помогне да се надомести недостатокот поради заминување во пензија на возрасните кадри, но тоа е под претпоставка тие да не ја напуштат државата.
10. Правилната уписна и кадровска политика во областа на денталната медицина во нашето здравство може да придонесе до продукција на квалитетен специјалистички кадар, стручно оспособен да се грижи за чување и унапредување на оралното здравје, како и примена на најсовремените медицински достигнувања во стоматологијата во поглед на опрема, дијагностички и терапевтски процедури.